П Р Е Д Л О Г

**О Д Л У К А**
**за избор на друштво за ревизија**
**на Шпаркасе Банка АД Скопје**
**за 2022 година**

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на седницата одржана на ден 25.05.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2022 година**

1. Со оваа Одлука се избира друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, да врши ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2022 година.
2. Меѓусебните права, обврски и одговорности да се уредат со Договор за извршување на ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2022 година по нето цена во денарска противвредност од 56.650 еур.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон Одлуката за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2022 година**

Согласно со Законот за банките на Република Северна Македонија член 89 став 3 точка 22 и член 91 став 9 точка 9, Надзорниот одбор на Банката го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија кое ќе ги изготви ревизорските извештаи на Банката за 2022 година. Предлогот согласно член 86 став 1 точка 9 од Законот за банки (и одредбите на Статутот на Банката) се проследува до Собранието за конечен избор.

Предлогот за ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје да биде избрана како надворешна Ревизорска куќа за 2022 година, е во координација со Групацијата имајќи го предвид фактот дека ПрајсвотерхаусКуперс се избрани за групациски ревизор, како и препораката за ангажирање на локалната ревизорска куќа и во Шпаркасе Банка АД Скопје.

Врз основа на погореспоменатото, Надзорниот одбор предлага на Собранието на акционери на Банката за надворешен ревизор за 2022 година да биде избран ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.

Договорот вклучува изготвување на извештај и независно мислење согласно со локалната регулатива, Групациските стандарди и МСФИ.